РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-546/1
12-06-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 02-503/1
24.06. 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу

1. **КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**, ул. Даме Груев, бр. 1, 1000 Скопје, застапувана од претседателот Душан Томшиќ од една страна и

2. **ЗАЕДНИЦИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ЗЕЛЕС, ул, "Копенхагенска 5, 1000 Скопје. претставувана од Душица Перишиќ, извршен директор**

3.

Со овој Меморандум за соработка помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Здружението на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија- ЗЕЛС , ја утврдуваат рамката за заемна соработка со цел **промоција и унапредување на еднаквоста, недискриминацијата и почитувањето на човековите права на локално ниво**.

**Член 2**

Целите на овој Меморандум се:

- зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа за примена на принципот на еднаквост и недискриминација,

- унапредување на соработката помеѓу КСЗД и единиците на локалната самоуправа преку ЗЕЛС,

-поддршка и зајакнување на улогата на локалните тела за еднаквост и други релевантни механизми на локално ниво,

-подигање на јавната свест за спречување и заштита од дискриминација.

**Член 3**

Соработката помеѓу договорените страните, во рамки на нивните надлежности, ќе се реализира особено во следните области:

- промоција на еднаквоста и недискриминацијата на локално ниво,
- соработка со единиците на локалната самоуправа преку заеднички активности и иницијативи,
- поддршка на работата на локалните тела за еднаквост,
- организирање отворени денови, јавни настани, информативни и едукативни активности,

- размена на информации, анализи и добри практики,
- учество во заеднички проекти, програми и иницијативи од заемен интерес.

**Член 4**

За остварување на целите од овој Меморандум, страните ќе соработуваат преку:

- заедничко планирање и спроведување на активности,
- организирање обуки, работилници и стручни настани,
- меѓусебно информирање за релевантни активности и иницијативи,
- воспоставување контакт точки за координација на соработката.

**Член 5**

Меморандумот за соработка се склучува на неопределено време и стапува на сила со денот на потпишувањето. Измена и дополнување на овој меморандум може да се склучи со Анекс кон овој меморандум и истиот задолжително се составува во писмена форма.

**Член 6**

Во случај на било каков спор и тешкотии во остварувањето на определбите на овој Меморандум, договорните страни веднаш меѓусебно ќе се консултираат. Доколку било која од договорните страни одлучи да го прекине Меморандумот за соработка, тоа мора да го направи со формално писмено известување до другата страна, 1 (еден) месец однапред, наведувајќи ја причината за прекинот.

**Член 7**

Овој Меморандум за соработка е потпишан во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Скопје, 12.06.2026

| | |
|---|---|
| **Комисија за спречување** | **Заедници на единиците на локална** |
| **и заштита од дискриминација** | **самоуправа на Р.С.Македонија- ЗЕЛС** |
| Претседател | Извршен директор |
| ------------------------- | ------------------------- |
| Душан Томшиќ | Душица Перишиќ |